**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Бр. 0803-263/3**
**Скопје, 25/03/2009 година**

**ДО**
**ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Царинската управа на РМ за 2007 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страните од 4 до 6.
2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.
3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Царинската управа на РМ за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија, со квалификувано мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за законското и наменското користење на средствата.
4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   - Ванчо Каргов, директор на Царинската управа во 2007 година.
5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.
6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 12.11.2008 до 22.01.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.
7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.
8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.
9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои

се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

## 10.1. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.1.1. Пописот на средствата и нивните извори не е извршен согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетски корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, при што се констатирани недостатоци во однос на:

- ✓ несоодветни простории за чување на материјали, ситен инвентар, резервни делови и стоки;
- ✓ отсуство на одговорни лица за ракување со залихите;
- ✓ несоодветно сортирање на залихите по видови како и издвојување на оштетените и запленетите залихи;
- ✓ евиденцијата на залихите на материјали и стоки;

Наведеното има влијание во реално и објективно искажување на средствата и нивните извори во Билансот на состојба.

Ревизијата изврши увид во централниот магацин и констатира дека во 2008 година се обезбедени соодветни простории за чување на залихите, воведен е Интегриран информатички систем кој е составен од подсистеми за архивско работење, финансии и човечки ресурси со кој се овозможува компјутеризација во делот на евиденцијата на залихите како и во делот на нивното издавање по организациони единици. Назначени се тројца вработени задолжени за одредени видови на залихи, залихите се сортирани по видови и извршено е издвојување на залихите кои се оштетени и оние кои можат да се стават во употреба.

10.1.2. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500- Ревизорски докази и 505-Екстерни конфирмации од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирените обврски во вкупен износ од 27,537 илјади денари испратени се 6 конфирмации во износ од 26,632 илјади денари, кои опфаќаат 97% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 3 комитенти во износ од 25,085 илјади денари (94% од испратените конфирмации), од кои 2 конфирмации во износ од 24,638 илјада денари ја потврдија сметководствената состојба (92% од испратените конфирмации), една конфирмација во износ од 447 илјади денари не ја потврди сметководствената состојба (2% од испратените конфирмации) додека за 3 конфирмации во вкупен износ од 1,547 илјади денари (6% од испратените конфирмации) не се добиени одговори.
Врз основа на изнесеното и извршените анализи на обврските, истите се веродостојно и законски засновани, реално и објективно искажани.


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

11. Превземени се мерки од страна на субјектот за препораките на ревизорскиот извештај за финансиските извештаи за 2006 година во однос на изготвување на интерни акти за сите процеси во работењето .

12. Според наше мислење, освен во наодот изнесен во точката 10.1.1, финансиските извештаи за сметката за редовно работење на Царинската управа на РМ за 2007 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

14. **Обелоденување**

Со увид во Билансот на приходи и расходи ревизијата констатира расходи во износ од 12.157 илјади денари по основ на судски решенија од кои 3,085 илјади денари се по основ на тужби за неправилно увозно царинење а остатокот од 9,072 илјади денари се по основ на отказни решенија на вработените. Имено, поради несоодветно донесени одлуки од страна на одговорните лица во претходниот период, овие буџетски средства планирани за извршување на основната дејност се потрошени за оваа намена и покрај тоа што не се планирани во буџетот на Царинската управа на РМ.

**Препорака**

Правниците кои се овластени од Државниот правобранител на РМ за да ја застапуваат Царинската управа пред судовите и другите органи и правни лица во имотно правните спорови треба да имаат редовна комуникација со Државното правобранителство на Република Македонија во однос на превземање на сите правни средства и мерки утврдени со закон, заради правна заштита на имотните права и интереси на Царинската управа.

Скопје, 20/03/2009 година **Овластен Државен Ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Царинска управа на РМ**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА**
**2007 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 646,106 | 517,712 |
| **Вкупно приходи** | **646,106** | **517,712** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 350,716 | 343,991 |
| Резерви и недефинирани расходи | 406 | 3,444 |
| Стоки и услуги | 71,270 | 67,384 |
| Субвенции и трансфери | 41,716 | 59,354 |
| **Вкупно тековни расходи** | **464,108** | **474,173** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 181,998 | 43,539 |
| **Вкупно капитални расходи** | **181,998** | **43,539** |
| **Вкупно расходи** | **646,106** | **517,712** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Царинска управа на РМ**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 16 | 16 |
| Активни временски разграничувања | 56,248 | 34,414 |
| Материјали, резервни делови и ситен инвентар | 1,591 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **57,855** | **34,430** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 882 | 882 |
| Материјални средства | 483,173 | 391,843 |
| Материјални средства во подготовка | 350,889 | 350,889 |
| **Вкупно постојани средства** | **834,944** | **743,614** |
| **Вкупна актива** | **892,799** | **778,044** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 27,537 | 7,814 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 28,711 | 26,600 |
| Пасивни временски разграничувања | 16 | 16 |
| **Вкупно тековни обврски** | **56,264** | **34,430** |
| **Извори на деловни средства** | | |
| Државен јавен капитал | 836,535 | 743,614 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **836,535** | **743,614** |
| **Вкупна пасива** | **892,799** | **778,044** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

**Царинска Управа на РМ**
**Сметка за редовно работење**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **743,614** | **-** | **743,614** |
| **Зголемување по основ на:** | **150,827** | **1,591** | **152,418** |
| Набавки | 141,249 | 1,591 | 142,840 |
| Опрема добиена преку донации | 9,578 | | 9,578 |
| **Намалување по основ на:** | **59,497** | | **59,497** |
| Амортизација | 59,497 | | 59,497 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **834,944** | **1,591** | **836,535** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------